# ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО ИНТЕРГРИН



**ИНТЕРГРИН проектот** е транснациоцална иницијатива фокусирана на унапредување на **локалните зелени и одржливи практики на општините.** Проектот се спроведува во шест држави (Португалија, Италија, Франција, Грција, Кипар и С. Македонија) и е ко-финансиран од Европската Унија преку **Еразмус+ програмата.**



INTERGREEN

Целта на проектот е преку обука и едукативна игра да ги **зајакне зелени вештини на вработените во општините**, помагајќи им на тој начин **да се справат со локалните предизвици поврзани со животната средина и одржливоста**.

Дополнително, проектот е целосно посветен на споделување на позитивни практики и искуства помеѓу општини и институции од целните држави, нудејќи **онлајн курс, онлајн настани за вмрежување** и **сертификација на зелените квалификации.**

Тимот на проектот во изминатите месеци раотење напорно за да ги создаде основните алатки што ќе го овозможат истото и ќе поттикнат култура на континуирано учење и приспособливост.



Овој Билтен е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Мислењата и погледите споделени тука се на авторот(ите) и не ги одразуваат тие на Европската Унија, ниту пак Европската Унија може да се смета за одговорна за истите.

Проект бр: 2022-1-FR01-KA220-VET-000086582

Co-funded by
the European Union



# ПАРТНЕРСКИ СОСТАНОК ВО СОЛУН



Неодамна, претставниците на шесте организации-партнери во **Интергрин** проектот одржаа инспиративен и корисен состанок во **Солун, Грција** (16-17 април 2024 г.).





Состанокот беше одлична можност за партнерите да поразговараат за **напредокот на проектот** и следните чекори. Меѓудругото се разговараше за целокупниот план за промоција на проектот.

Партнерскиот состанокот беше посветен и на **заедничко тестирање** на едукативната **игра за зелени вештини** која **Еко Логик** ја развиваше во месеците пред тоа. Партнерите разменија мислења за механиката на играта, визуелниот дизајн, нејзината промоција и користење. За значаен дел од овие прашања, Еко Логик спроведе и анкета која требаше да послужи за подобрување на играта.

Состанокот беше голем чекор напред, за поставување на сцената за активностите што следат.



RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
GIP FIPAN
município de lousada
ciape
eco LOGIC
DIAS
SYNTHESIS CENTER FOR RESEARCH AND EDUCATION

Co-funded by the European Union



# ОНЛАЈН ТЕСТИРАЊЕ




На **21 мај 2024 г.**, партнерите во **ИНТЕРГРИН** проектот организираа едночасовна сесија за **онлајн тестирање** на веб платформата за е-учење. Виртуелниот настан беше посетен од повеќе од **30 учесници** од шесте држави во кои се спроведува проектот, значаен дел од кои беа претставници на општини, едукатори на возрасни, експерти и сл.



Настанот беше одлична промоција на проектот и **клучните алатки** креирани во рамки на проектот: програмата за е-учење, **модулите** посветени на зелени вештини и одржливост и сл. Самото вклучување на надворешни „оценувачи“ беше значаен момент за партнерите да го измерат квалитетот на производите.







Затоа и, по сесијата, беше спроведена анкета заради оценка на **содржината, функционалностите и квалитетот на е-алатките.**

**Предлозите и мислењата** споделени од учесниците во онлајн тестирањето, пак, ќе послужат како насока за **подобрување** на содржините и фунционалностите на веб платформата и останатите алатки.
Во претстојниот период, партнерите ќе организираат и пилот тестирање на обуката, како и онлајн настани за вмрежување.

Поврзете се со проектот преку социјалните медиуми и бидете во тек со најновите активности! **www.intergreenplatform.eu**